Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 28, 1 октомври 2009 година

октомври 2009 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници (во звање помлад асистент/асистент) за наставно-научната област градежништво и водостопанство на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА СОРАБОТНИЦИ (ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ/ АСИСТЕНТ) ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАДЕЖНИШТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 2202-127/9 од 10.7.2009 год., донесена на 9. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 8.7.2009 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на двајца соработници (во звање помлад асистент/асистент) за научната област ***градежништво и водостопанство***, на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Вечер“, на 15.6.2009 год., и во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

1. м-р Ема Стојковска, дипл. геолог
2. м-р Горан Мијоски, дипл. град. инж.
3. м-р Сања Спировска, дипл. град. инж.
4. м-р Иван Минчев, дипл. шум. инж.

на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е ШТ А Ј**

1. ***М-р Ема Стојковска, дипл. геолог***

***Биографски податоци***

**М-р Ема Стојковска** е родена на 17 јуни 1972 год. во с. Луковица, Македонска Каменица. Дипломира на отсек Геологија при Рударско-геолошкиот факултет во Штип, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Магистрира на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на тема *„Влијание на локалните геолошки услови врз спектарот на одговор на почвените слоеви во Скопскиот регион“*, на 18.12.2008 год. Студиски престојува во Италија на Dipartimento di Scienze della Terra-Universita degli studi di Trieste**.**

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

*Професионално работно искуство*

- 3/2005 - 10/2005 г., Градежен институт Македонија, Скопје;
- 10/2006 - 12/2006 г., Погонска лабораторија, Рудници за олово и цинк „Саса”- М. Каменица;
- 4/2008 г. - Собрание на Општина М. Каменица, утврдување на недвижности за процена на данок на имот.

Го познава англискиот јазик и следниве програмски пакети: MS Office, Auto Cad, Shake 2000.

***Прилог 1***

Табела за вреднување на активностите на м-р Ема Стојковска, дипл. геолог, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА + ОР)** | | | |
| ВКУПНО: | | | **12** |

2. ***М-р Горан Мијоски, дипл. град. инж.***

***Биографски податоци***

**М-р Горан Мијоски** е роден на 19 октомври 1967 год. во Скопје. Завршува средно образование во ГУЦ „Здравко Цветковски" во Скопје, насока Патишта и железници. Дипломира на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, насока Патишта и железници. Магистрира на исто така на Градежниот факултет во Скопје, на тема *„Влијателни чинители за одржливост на вредноста на коефициентот на отпорот против лизгање",* на 19.7.2002 год. Кандидатот м-р Горан Мијоски е во фаза на изработка на докторска дисертација, пријавена на Градежниот факултет во Скопје, на тема *„Интегрален пристап кон оценката на атрибутите и индикаторите на возната површина".*

***Научноистржувачка дејност***

1. *Практични искуства од зајакнување на мостови од магистралниот пат М-2, од Куманово до Деве Баир со карбонски ленти и карбонски мрежи,* IX Меѓународен симпозиум за градежни конструкции, Охрид, 27-29 септември, 2001 г.
2. *Зимско одржување - јавните патишта секогаш проодни,* Патишта, бр.2, 2002 г.
3. *Одржување на патната инфраструктура во Република Македонија,* Стручно советување „Одржување на патиштата од аспект на безбедноста на сообраќајот на патиштата", Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, април 2008 г.
4. *Безбедноста на сообраќајот, во зависност од финансиските средства за изградба и одржување на патиштата,* Стручно советување „Безбедноста на патниот сообраќај од аспект на планирање, проектирање и градба на патишта", Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и Друштво за патишта на Р. Македонија, ноември 2008 г.
5. *Мониторинг на лидерство* (проект финансиран од Balkan Trust for Democracy), Институт за економски стратегии и меѓународни односи, Охрид, септември 2006 до март 2008 г.
6. *Национална стратегија на Р. Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата* (Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и Собрание на Р. Македонија), септември - ноември 2008 г.
7. *Проектирањето, градбата и одржувањето, услов за безбедни шумски патишта,* Стручно советување „Шумски патишта, експлоатација, трансформација и еколошки аспекти", Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и ЈП „Македонски шуми".

8. Каракутовски, З., Тодоровски, Љ., **Мијоски, Г.:** *Препораки за развој на патната и железничката инфраструктура во Република Македонија,* студија, Институт за економски стратегии и меѓународни односи, Охрид, јуни 2009 г.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

*Професионално работно искуство*

- 2000 - 2003 г. - ЈП Македонија пат - Скопје, главен инженер за инвестиционо одржување на магистрални и регионални патишта;
- 2001 г. - директор на проектот за зајакнување на 19 мостови на магистралниот пат М-2 (Е-870) делница „Куманово - Деве Баир" (со карбонски ленти и карбонски мрежи), донација од Американската армија и НАТО;
- 2002 г. - директор на проектот за зајакнување на мостови на автопатот М-1 (Е-75) делница „Куманово - Табановце" (со карбонски ленти и карбонски мрежи);
- 2002 г. - директор на проектот за зајакнување на мостови на автопатот М-4 (Е-65) делница „Скопје -Тетово" (со карбонски ленти и карбонски мрежи);
- 2003 - 2007 г. - ЈП Македонија пат, раководител на Одделение за развој и броење на сообраќај;
- 2007 - до денес, ЈП Македонија пат, главен инженер за редовно и зимско одржување на магистрални и регионални патишта.

***Завршени семинари***

1. Семинар за изведување и надзор со нови технологии на градење, СИКА-Швајцарија, октомври 2000 г.
2. Семинар за изведување и надзор со нови технологии на градење, Road Building International, септември 2002 г.
3. Семинар според програмата ХДМ-4 (Higway Development and Management, октомври 2008 г.

***Членство во стручни тела***

1. Републички совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, член (2000-2003);
2. Издавачки одбор на стручното списание „Патишта", член (2001-2002);
3. Друштво за патишта на Р. Македонија, потпретседател (2001 - 2007);
4. Друштво за патишта на Р. Македонија, претседател (2007 - до денес).

***Дополнителни активности - некои позначајни успеси и функции во спортската кариера***

- Прв македонски спортист што настапувал под македонско знаме и име на Република Македонија (1992 СП во карате Гранада - Шпанија);
- вицешампион на Европски куп во карате (1993 Нирнберг - Германија);
- претседател на Карате федерацијата на Македонија (од 2002 до 2004).

***Прилог 2***

Табела за вреднување на активностите на м-р Горан Мијоски, дипл. град. инж., според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во домашно списание | 1 | 3 | 3 |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир во земјава | 4 | 1 | 4 |
| Учесник во научен проект | 1 | 2 | 2 |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА + ОР)** | | | |
| Поглавје од книга | 1 | 4 | 4 |
| Учесник во апликативни проекти | 1 | 5 | 5 |
| Елаборати и експертизи (во земјава) | 2 | 2 | 4 |
| Член на уредувачки одбор на стручно списание | 1 | 0,5 | 0,5 |
| ВКУПНО: | | | **26,5** |

***3. М-р Сања Спировска, дипл. град. инж.***

***Биографски податоци***

**М-р Сања Спировска** е родена на 13 јули 1982 год. во Скопје. Средно училиште завршува во УСО „Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје. Дипломира на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, насока Хидротехника, на 1.12.2005 год., со просечен успех 9,4. За време на студирањето трипати била прогласувана за најдобар студент во генерацијата. Магистрира на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, на Интернационалните ДААД студии, на тема *„Примена на ГИС технологијата во просторното дефинирање на потенцијалните геотехнички хазарди во околината на изворот Рашче"* на 2.9.2009 год.

***Научноистражувачка дејност***

1. *Предлог-принципи за водење на катастарот за води, водостопански објекти, постројки и загадувачи во Р. Македонија,* Македонски води, год. XI, бр.3, 2004 г.
2. *District Meter Area – active method for leakage control,* Интернационална конференција Water Loss, SCADA and Telemetry, АДКОМ, Скопје, септември 2006 г.
3. *Active Leakage Control Project, Particular DMA's in the city of Skopje, Macedonia,* Интернационална конференција Water Loss 2007, IWA, ноември 2007 г.
4. *Implemented Water Loss Reduction Project in Particular DMA in the sity of Skopje through pressure management and Active Leakage Control,* Втора интернационална конференција Water Loss, SCADA and Telemetry, АДКОМ, Скопје, јуни 2008 г.
5. *Подготовка на основен план за управување со отпадните води во Р. Македонија,* работилница на тема „Контрола на загадување од отпадните води", АДКОМ, Скопје, мај 2009 г.

***Стручно-апликативна и организациско развојна дејност***

*Професионално работно искуство*

- 5/2006 - 5/2008 г. - ЈП „Водовод и канализација” - Скопје, инженер соработник: Математичко моделирање на водоводната мрежа; ГИС оператор; Анализа на загубите на вода во одредени зони на потрошувачка на Град Скопје; Соработник при подготовката на „Стратегијата за намалување на загубите на вода во водоводната мрежа на Град Скопје”;
- 5/2008 до денес - ЈП „Водовод и канализација” - Скопје, самостоен инженер; технички координатор на ЈП „Водовод и канализација” - Скопје во активностите околу подготовката на „Студијата за управување со отпадните води на Град Скопје”, во соработка со јапонскиот експертски тим на ЈИЦА; член на Управниот комитет одговорен за одобрување на „Студијата за управување со отпадните води на Град Скопје”.

***Завршени курсеви***

1. JICA специјализиран курс “Waterworks Engineering II”, Сапоро, Јапонија, од 5.6.2007 до 25.8.2007 г.;
2. JICA специјализиран курс Sewage Works Engineering and Stormwater Drainage Technology, Токио, Јапонија, од 17.9.2008 до 13.12.2008 г.;
3. „Култура и технологија во Минхен”, Технички универзитет во Минхен, Минхен, Германија, од 8.2.2007 до 29.2.2007 г.

Ги познава англискиот (напредно ниво), германскиот и јапонски јазик (основно ниво), како и следниве програмски пакети: MS Office, Adobe Photoshop, Auto Cad, ArcView, ArcMap, EPANET.

***Прилог 3***

Табела за вреднување на активностите на м-р Сања Спировска, дипл. град. инж., според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Студиски престој во странство | 3 | 8 | 24 |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во домашно списание | 1 | 3 | 3 |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир во земјава | 3 | 1 | 3 |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА + ОР)** | | | |
| Учесник во апликативни проекти | 1 | 5 | 5 |
| ВКУПНО: | | | **39** |

4. ***М-р Иван Минчев, дипл. шум. инж.***

***Биографски податоци***

**М-р Иван Минчев** е роден на 1 март 1981 год. во Скопје. Дипломира во 2004 год. на Шумарскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, отсек Шумарство. Во 2006 година посетува специјалистички студии за управување на животната средина, при Медитеранскиот земјоделски институт во Хања, Крит, Р. Грција. Магистрира на 3.11.2008 год. на Интернационалниот центар за напредни медитерански и агрономски студии - Медитерански земјоделски институт во Хања, Крит, Р. Грција и се стекнува со академски степен магистер по управување со животна средина.

***Научноистражувачка дејност***

1. Јагев Велиан, **Иван Минчев**, Иван Блинков (2006): *Use of GIS and GPS for mapping and analysis of some hydrological factors, BALWOIS conference* (Проект за опсервација на водите и информациони системи за помош при одлучување), 2006 г., Охрид, Р. Македонија
2. Душко Мукаетов, Ордан Чукалиев, Тијана Секулоска, **Иван Минчев** (2007): *GIS-aided agro-ecological zoning of Former Yugoslav Republic of Macedonia. Status and prospect of soil information in southeastern Europe: soil databases, projects and applications. Scientific and technical report, Institute of Environment and Sustainability, JRC, ISPRA, Italy.*
3. Блинков, И, **Минчев, И.,** (2007): *GIS model for assessing water and sediment discharge based on the Methodology of Gavrilovic, International conference: EROSION AND TORRENT CONTROL AS A FACTOR IN SUSTAINABLE RIVER BASIN MANAGEMENT, 25-28 September, Belgrade, Serbia*
4. Блинков, И., **Минчев, И.,** Трендафилов, Б. (2007): *Erosion risk analyses on Vodno mountain and impacts to the surrounding areas, III CONGRESS OF ECOLOGISTS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION, 6-9 October, Struga, R .Macedonia*
5. **Минчев, И.** (2007): *GIS aided multi objective allocation of areas with Intensive wood production and maintaining fauna biodiversity,INTERNATIONAL SYMPOSIUM Sustainable Forestry - Problems and Challenges Perspectives and Chalenges in wood technology, 24-26 October 2007, Ohrid, R.Macedonia*
6. **Минчев, И**. (2007): SUITABILITY FOR TREE SPECIES AFFORESTATION USING GIS AIDED LANDSCAPE MODEL,INTERNATIONAL SYMPOSIUM Sustainable Forestry - Problems and Challenges Perspectives and Chalenges in wood technology, 24-26 October 2007, Ohrid, R. Macedonia
7. Блинков И., **Минчев И**., Трендафилов Б., Јагев В. (2007): ОСНОВЕН ГИС-ДАТАСЕТ ПОТРЕБЕН ЗА РАЗНИ АНАЛИЗИ ВО ШУМАРСТВОТО, Меѓународен симпозиум *Одржливо шумарство - проблеми и предизвици - перспективи и предизвици во дрвната индустрија,* 24-26 октомври 2007, Охрид, Р. Македонија
8. Блинков И., **Минчев И**., Трендафилов Б. (2008): EROSION RISK ANALYSES ON THE VODNO MOUNTAIN AND IMPACT TO THE SURROUNDING AREAS Интернационална конференција BALWOIS 2008 - Охрид, Република Македонија, 27-31 мај
9. **Минчев, И.** (2009): LAND COVER MAPPING USING OBJECT BASED CLASSIFICATION OF MEDIUM-HIGH AND HIGH RESOLUTION IMAGERY International Conference "LAND CONSERVATION" - LANDCON 0905, May 26-30, 2009, Tara Mountain/Serbia
10. Трендафилов Б., **Минчев, И**. (2009): MAPPING OF RECENTLY BURNT AREAS USING LANDSAT TM DATA; A CASE STUDY OF THE MEDITERRANEAN ISLAND OF THASOS, International Conference"LAND CONSERVATION" - LANDCON 0905, May 26-30, 2009, Tara Mountain/Serbia
11. Блинков И., **Минчев, И.** (2009): MULTI HAZARD MAPPING AS A TOOL FOR EFFECTIVE RISK MANAGEMENT International Conference "LAND CONSERVATION" - LANDCON 0905, May 26-30, 2009, Tara Mountain/Serbia

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

*Професионално работно искуство*

- 2002 - 2004 г. - Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Шумарски факултет, Катедра за ерозија и геодезија, помошник на теренски вежби, волонтерска работа;
- 2004 - 2005 г. (повремено) - Земјоделски институт - Скопје (Отсек за педологија) - проект ДРИМПОЛ;
- Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје (Катедра за почва и вода, Лабораторија за ГИС и РС), дигитална фотограметрија и картографија;
- 2007 - 2008 г. - Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Шумарски факултет, Катедра за земјиште и вода, работа на проект;
- 2007 г. - Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Шумарски факултет, Катедра за земјиште и вода, волонтерски помошник за практична работа по предметот Современи геоматски техники во шумарството (ГПС, ГИС);
- 2008 г. - Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Шумарски факултет, Катедра за земјиште и вода, волонтерски демонстратор по предметот Геодезија со техничко цртање;
- 11/2007 - 10/2008 г. - Менаџмент на отпадните води во Скопје, проект финансиран од ЈИЦА, работел како ГИС експерт;
- 3/2009 г. - Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам на Национален парк Маврово, проект финансиран од Италијанското министерство за надворешни работи, работи како ГИС/РС експерт.

***Прилог 4***

Табела за вреднување на активностите на м-р Иван Минчев, дипл. град. инж., според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Одржани вежби | | 3 | 3 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир во странство | 1 | 3 | 3 |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир во земјава | 3 | 1 | 3 |
| Учесник во научен проект | 1 | 2 | 2 |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА + ОР)** | | | |
| Учесник во апликативни проекти | 1 | 5 | 5 |
| ВКУПНО: | | | **20** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на научната и стручната активност на кандидатите м-р Горан Мијоски, дипл. град. инж. (НИ + САОР=26,5 поени) и м-р Сања Спировска, дипл. град. инж. (НИ + САОР=39 поени), Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип му предлага **м-р Горан Мијоски** да го избере во звање **асистент** за научната област **градежништво и водостопанство,** при Факултетот за природни и технички науки, Институт за градежништво, а **м-р Сања Спировска** да ја избере во звање **помлад асистент** за научната област **градежништво и водостопанство**, при Факултетот за природни и технички науки, Институт за градежништво.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Владо Гичев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Тодор Делипетров, член, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Десподов, член, с.р.**